MACEDONIAN

Australian Government

Department of Health

# Повелба за правата и обврските на лицата што добиваат нега – Нега во домот на лицето

*Закон за нега на постари лица од 1997 г., Додаток 2 Начела за правата на корисниците од 2014 г.*
*(Aged Care Act 1997, Schedule 2 User Rights Principles 2014)*
*(изменето на 27 февруари 2017 г.)*

## 1 Правата на лицата што добиваат нега – нега во домот на лицето

*Општо*

(1) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) кон него да се однесуваат и да го прифаќаат како личност што има свое јас и да се почитуваат неговите лични желби
- (b) кон него да се однесуваат достоинствено и да се почитува неговата приватност
- (c) да добива нега која го почитува лицето и неговото семејство и дом
- (d) да добива нега без да биде принудено да се чувствува благодарно спрема оние што му ја укажуваат таа нега
- (e) целосно да ги ужива сите човекови, правни и потрошувачки права, вклучувајќи го и правото слободно да го каже своето мислење во врска со неговата нега
- (f) да има пристап до застапници и други места каде што може да се обрати ако има поплака
- (g) кон него да се однесуваат без искористување, злоставување, дискриминација, вознемирување или запоставување.

*Нега насочувана од корисникот – избор и приспособливост*

(2) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) да добива поддршка од одобрениот давател на услугите за следните работи:
  - (i) да постави цели во однос на исходите што сака да ги добие од негата во домот
  - (ii) да определи до колкав степен сака тековно да учествува и да има контрола при укажувањето на негата во домот
  - (iii) да донесува одлуки поврзани со својата нега во домот
  - (iv) да си ја зачува самостојноста толку долго колку што е тоа можно
- (b) да ги одбере негата и услугите што најдобро ги задоволуваат неговите цели и оценети потреби и желби, во границите на расположивите средства
- (c) да има избор и приспособливост во начинот на кој негата и услугите му се обезбедуваат во неговиот дом
- (d) да учествува во донесувањето на одлуки што го засегаат
- (e) да има свој претставник што ќе учествува во донесувањето на одлуки поврзани со неговата нега, ако го побара тоа или ако самото не е способно.
- (f) да одбере одобрен давател кој ќе пружи нега во домот за лицето и да има можност да го смени одобрениот давател ако сака.

*Нега насочувана од корисникот – нега и услуги*

(3) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) да добива сигурни, усогласени, безбедни, квалитетни нега и услуги што се соодветни за постигнувањето на неговите цели и оценети потреби
- (b) Однапред, или во рок од 14 дена откако ќе почне да добива нега во домот, да му биде даден писмен план за негата и услугите што очекува да ги добива
- (c) да добива нега и услуги што водат сметка за другите видови на нега што лицето ги добива, како и за она што лицето го претпочита
- (d) на редовно преразгледување на негата и услугите што ги добива (на одредени временски растојанија и кога ќе настанат промени во неговите лични околности) и менување на негата и услугите според потребите.

*Нега насочувана од корисникот – лично приспособен буџет и месечен извештај за расположивите средства и направените трошоци*

(3A) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) да добие лично приспособен буџет за негата и услугите што ќе му се даваат
- (b) неговиот лично приспособен буџет да биде преразгледуван и, ако е потребно, изменет во случај:
  - (i) ако се изменат негата и услугите што треба да ги добива, или ако се измени цената на негата и услугите што ги добива; или
  - (ii) ако лицето побара од одобрениот давател на нега да го преразгледа и, ако е потребно, да го измени лично приспособениот буџет

(c) да добива месечен извештај за расположивите парични средства и за направените трошоци за негата и услугите што му биле дадени во текот на тој месец.

*Лични информации*

(4) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) приватност и доверливост на неговите лични информации
- (b) да има пристап до своите лични информации.

*Комуникација*

(5) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) да добие помош за да ги разбере сите информации што му се даваат
- (b) да добие примерок од оваа Повелба
- (c) да му биде даден писмен договор во кој се содржани сите работи што се договорени
- (d) да избере лице што ќе зборува во негово име за било која цел.

*Мислења и поплаки*

(6) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) да добие информации за тоа како може да искаже мислење или поплака во врска со негата и услугите што ги добива
- (b) да поднесе поплака во врска со негата и услугите што ги добива без да се плаши дека ќе остане без нега или дека на кој и да било друг начин ќе се најде во понеповолна положба
- (c) поплаките што ќе ги поднесе да бидат разгледани праведно и доверливо и да се преземат соодветни чекори за да се решат работите што го загрижуваат.

*Плаќање*

(7) Секое лице што добива нега ги има следните права:
- (a) износите што треба да ги плати да бидат утврдени на отворен, јасен и праведен начин
- (b) да добива сметки што се јасни и се во разбирлив облик
- (c) износите што ги плаќа да бидат преразгледувани на одредено временско растојание или на барање кога ќе се изменат неговите финансиски околности
- (d) да не му бидат одбиени негата и услугите затоа што не е во состојба да го плати износот поради причини што се надвор од неговата контрола.

## 2 Обврски на лицата што добиваат нега – нега во домот на лицето

*Општо*

(1) Секое лице што добива нега ги има следните обврски:
- (a) да го почитува правото на работниците за нега да ги остваруваат своите човекови и законски права како и правата што им следуваат на работното место, вклучувајќи го и правото да работат во безбедно опкружување
- (b) да се однесува спрема работниците за нега без искористување, злоставување, дискриминација или вознемирување.

*Нега и услуги*

(2) Секое лице што добива нега ги има следните обврски:
- (a) да се придржува кон условите од писмениот договор за нега во домот
- (b) да биде свесно дека неговите потреби може да се изменат и да се договара за промени во негата и услугите ако неговите потреби од нега се изменат
- (c) да прифати одговорност за сопствените постапки и избори дури и ако некои постапки и избори можеби вклучуваат и одреден степен на опасност.

*Комуникација*

(3) Секое лице што добива нега ги има следните обврски:
- (a) да даде доволно информации за да му помогне на одобрениот давател на услуги да изработува, испорачува и преразгледува план за нега
- (b) да го извести давателот на услуги и неговиот персонал за какви и да било проблеми во врска со негата и услугите.
- (c) пред лицето кое прима нега да го смени одобрениот давател, да го извести одобрениот давател и неговиот персонал од кога смета да престане да прима услуги за нега во домот од одобрениот давател.

*Пристап*

(4) Секое лице што добива нега ги има следните обврски:
- (a) да овозможи безбеден и разумен пристап за работниците за нега во времињата што се наведени во неговиот план за нега или што се договорени на некој друг начин
- (b) да извести во разумен рок ако во некој одреден ден не му е потребно нега во домот.

*Плаќање*

(5) Секое лице што добива нега има обврска да ги плати сите парични износи како што е тоа наведено во договорот, или да преговара за некој поинаков договор со давателот на негата ако се случат некакви промени во неговите финансиски околности.